Бр. 02-974/4
27.9.2024 година
Скопје

Врз основа на член 1, точка 11 од Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 2024 до 2026 година (Универзитетски гласник бр. 498/2020, бр. 535/2021 и бр. 666/2023). Универзитетскиот сенат, на 12. седница одржана на 27.9.2024 година, донесе

# ОДЛУКА

## за доделување стипендии на студентите запишани во прва година на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година

### Член 1

Се доделуваат стипенидии за студенти запишани во прва година на прв циклус студии на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот), во учебната 2024/2025 година.

Средствата за оваа намена се утврдени во Програмата за финансирање на видот и обемот на интегративните функции на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот од 2024 до 2026 година (Универзитетски гласник бр. 498/2020, бр. 535/2021 и бр. 666/2023).

### Член 2

Бројот на стипендиите за учебната 2024/2025 година на Универзитетот изнесува 240 стипендии, распоредени по 10 за секој факултет.

Износот на секоја стипендија е во висина на партиципацијата утврдена со Конкурсот за соодветниот факултет, односно за студиската програма.

### Член 3

Стипендиите им се доделуваат на 10 студенти, запишани во прва година во учебната 2024/2025 година, во категоријата редовни студенти во државна квота на факултетот, кои најдоцна до крајот на летниот семестар во учебната 2024/25 година ги положиле сите испити од прва година со највисок просек.

### Член 4

Стипендијата од член 3 на оваа Одлука се доделува на тој начин што студентите кои се добитници на стипендија се ослободуваат од плаќање на партиципацијата во учебната 2025/2026 година.

На студентите добитници на стипендија кои го прекинале студирањето, нема да им бидат исплатени средствата од доделената стипендија.

### Член 5

За спроведување на постапката за доделување стипендии, единиците формираат комисија.

Комисиите утврдуваат ранг-листа на најдобрите студенти во генерацијата 2024/2025 и ја доставуваат до ректорот, кој донесува конечна одлука за доделување стипендии.

### Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Претседател на Универзитетскиот сенат**

**Проф. д-р Драги Димитриевски**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ